МЦМС заедно со Полио плус ќе го спроведуваат проектот „Од норма до пракса“ посветен на следење на спроведувањето на Законот за спречување и заштита од дискриминација (ЗСЗД), на поддршка на работата на Комисијата за заштита од дискриминација (КЗД) и истражување на степенот на дискриминација по различни основи во Македонија.




Проектот има три компоненти: Подигање на свеста на јавноста и носителите на одлуки; Зголемување на видливоста и капацитетите на КЗД; и Соработка за борба против дискриминацијата. Активностите се дебати и анализи за состојбата со дискриминација на различни основи, веб-страница и бесплатна телефонска линија на КЗД, Водич за граѓаните „Од жалба до решение“, годишен извештај на КЗД, скроени тематски обуки, јакнење на Секретаријатот за КЗД, преглед и проценка на локални политики и пракси за заштита од дискриминација во десет општини, состаноци со собраниски комисии, истражување „Барометар за еднакви можности“ и др.

Проектот е финансиран од програмата на Европската Унија „ Прогрес “, а

ко-финансиран од водечката организација Полио плус, МЦМС и Министерството за труд и социјална политика (МТСП), а ќе се спроведува до февруари 2014 г.